1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51



# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 2 ноември 1979
БЕЛГРАД
БРОЈ 55 ГОД. XXXV

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1979 година изнесува 800 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 651 671; Телекс 11756

**783.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ

Се прогласува Законот за измена на Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 31 октомври 1979 година.

ПР бр. 806
31 октомври 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ

Член 1

Во Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/77 и 70/78) член 56 се менува и гласи:

„Додека не ќе се изврши програмата на мерки за отстранување на причините за загубите, основната организација може да исплатува аконтации на личните доходи најмногу до височината:

1) утврдена со самоуправниот општ акт за распределба на средствата за лични доходи, ако загубата е помала од состојбата на резервниот фонд на последниот ден од пресметковниот период;

2) утврдена со самоуправната спогодба, ако со таа самоуправна спогодба е утврдена обврска за меѓусебно покривање на загубите, под услов основните организации што ја презеле таа обврска да не работат со загуба и износот на средствата за исплата на личните доходи, согласно со самоуправната спогодба, да го пренесат на жиро-сметката на основната организација што работела со загуба;

3) на износите добиени од фондот на заедничките резерви на начинот и под условите што се утврдени со Законот за средствата на резервите.

Средствата на резервниот фонд од став 1 точка 1 на овој член не можат да се користат за други намени, освен за исплата на личните доходи и за зачувување на ликвидноста на основната организација.

Ако основната организација не може да обезбеди средства за исплата на аконтации на личните доходи на начинот од став 1 на овој член, аконтации на личните доходи може да исплатува до височината на износот на просечниот личен доход исплатен по работник, по завршната сметка од претходната година, а најмногу до височината на просечниот личен доход исплатен по работник што за територијата на републиката односно на автономната покраина ќе го утврди службата на општественото книговодство, врз основа на податоците од завршната сметка на претходната година, за гранката во која е распоредена основната организација според важечките прописи за единствената класификација на дејностите."

Член 2

Одредбите од член 1 став 3 на овој закон ќе се применуваат и врз исплатата на аконтациите на личните доходи на работниците по периодичните пресметки за периодот јануари — јуни и јануари — септември 1979 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**784.**

Врз основа на член 285 точка 17 и член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 36 од Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 31 октомври 1979 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

I

Се разрешува од должноста претседател на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ Доброслав Ќулафиќ, поради заминување на друга должност.

II

За претседател на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се избира Стана Томашевиќ-Арнесен, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 206
31 октомври 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Доброслав Ќулафиќ,** с. р.

8. Имајќи го предвид значењето и сложеноста на проблематиката на малолетничката деликвенција, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ смета дека би било корисно на ова прашање да му посветат соодветно внимание собранијата на општествено-политичките заедници, како и соодветните општествено-политички организации, особено Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и Сојузот на социјалистичката младина.

Соборот укажува на потребата, при непосредно и што поактивно учество на сите фактори на општествената самозаштита, проблематиката на малолетничката деликвенција перманентно да се следи и целосно анализира, за да се најдат најадекватни решенија во рамките на подготовките на програмите на мерките и акциите за спречување и отстранување на општествено неприфатливото однесување на децата и младината.

9. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 23-1/79-030
31 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател
на Сојузниот собор,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

---

**786.**

Врз основа на член 104 став 6 и член 120 од Законот за Југословенската банка за меѓународна економска соработка и за заедничките финансиски организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78), врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет, донесува

# УРЕДБА

## ЗА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ОДОБРЕНИТЕ ДОГОВОРИ

Член 1

Условите и постапката за основање на заеднички финансиски организации, условите и начинот на пристапување кон склучениот договор за основање и работење на тие организации, височината и сразмерност на влогот во основачкиот фонд потребен за основање на заеднички финансиски организации и водењето на евиденција за одобрените договори за основање и работење на заедничките финансиски организации, се утврдуваат според одредбите од оваа уредба.

Член 2

Самоуправна спогодба за здружување на труд и средства со која се утврдуваат целите на основањето и работењето на заедничката финансиска организација и меѓусебните права и обврски на основачите можат да склучат основните организации на здружен труд — членови на основните односно на здружените банки овластени за вршење на платен промет и кредитни работи со странство, кои извезуваат свои производи односно услуги, вршат инвестициони работи во странство или со вршење услуги во земјата остваруваат девизи, согласно со Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77).

Кон самоуправната спогодба од став 1 на овој член можат дополнително да пристапат основните организации на здружен труд кои ги исполнуваат условите од тој став.

Член 3

Барањето за пристапување кон склучениот договор за основање и работење на заедничката финансиска организација се доставува до управниот одбор на таа организација.

Странските лица што ги исполнуваат условите од Законот за Југословенската банка за меѓународна економска соработка и за заедничките финансиски организации можат да поднесат барање до заедничката финансиска организација за пристапување кон склучениот договор.

Одлука по поднесеното барање за пристапување на странско лице кон договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација донесуваат основачите на предлог од управниот одбор на заедничката финансиска организација и при претходно прибавено известување за бонитетот на странското лице — подносител на барањето.

Член 4

Правата и обврските на новите основачи од член 3 на оваа уредба се уредуваат со анекс кон договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација.

Анексот кон договорот од став 1 на овој член содржи особено:

1) обврска на новите основачи за прифаќање на одредбите од договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација, од нејзиниот статут и другите акти што се донесени пред денот на пристапувањето кон договорот;

2) износот на средствата што ќе го вложат во основачкиот фонд на заедничката финансиска организација;

3) право на предлагање лица што ќе ги претставуваат во управниот одбор на заедничката финансиска организација, во согласност со член 87 од Законот за Југословенската банка за меѓународна економска соработка и за заедничките финансиски организации.

Член 5

Анексот кон договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација е полноважен кога ќе го одобри Сојузниот извршен совет, врз основа на согласност од надлежните републички и надлежните покраински органи.

Член 6

Заедничка финансиска организација, како трајна организација, може да се основе ако нејзините основачи здружат, односно вложат во основачкиот фонд на таа организација најмалку 20,000.000 динари.

Странските лица — основачи на заедничката финансиска организација како трајна организација не можат да имаат поголем влог во фондот на основачите од 49% од вкупно вложените средства во тој фонд.

Член 7

Влогот во основачкиот фонд може да биде во динари и во девизи.

Во основачкиот фонд на заедничката финансиска организација можат да се вложуваат само девизи што се од посебно значење за девизниот биланс и за платниот биланс на Југославија.

За утврдување на процентот од член 6 став 2 на оваа уредба, динарската противвредност на вложените девизи во основачкиот фонд се пресметува по средниот курс на денот на вложувањето на девизите во основачкиот фонд.

Во основачкиот фонд не можат да се внесуваат хартии од вредност.

Член 8

Заедничката финансиска организација, како повремена организација, што се основа заради кредитирање — финансирање на определен инвестиционен потфат во земјата може да започне со работа со денот на запишувањето во судскиот регистар, под услов нејзините основачи да го здружат односно вложат во основачкиот фонд износот на средства предвиден со договорот за основање и работење на таа заедничка финансиска организација.

Член 9

Договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација, како и анексот кон договорот, се поднесува до Сојузниот секретаријат за финансии.

Кон договорот од став 1 на овој член се доставува и мислењето од член 78 на Законот за Југословенската банка за меѓународна економска соработка и за заедничките финансиски организации и документите наведени под точ. 1, 2, 4, 5 и 6 став 2 од тој член.

Член 10

Договорот од член 9 на оваа уредба, со своето мислење за економската оправданост за основање на заедничка финансиска организација, како и со мислење дали основањето и работењето на таа организација е во согласност со економската политика на Југославија, Сојузниот секретаријат за финансии го доставува до Сојузниот извршен совет, во рок од 60 дена од денот на приемот на договорот и на документацијата од тој член, по претходно прибавено мислење од Народната банка на Југославија, Сојузниот завод за општествено планирање, Стопанската комора на Југославија, Службата на општественото книговодство на Југославија и Здружението на банките на Југославија.

Член 11

За почеток на работата на заедничката финансиска организација, како трајна организација, треба да бидат обезбедени простории за работа, основни средства и друга опрема, како и соодветен број работници за вршење на административно-стручни и технички работи.

Работењето на заедничката финансиска организација, како повремена организација, може да се врши во просториите на банката чие собрание ќе донесе одлука за основање на повремена заедничка финансиска организација. Работната заедница на таа банка може да ги врши административно-стручните и техничките работи за повремената заедничка финансиска организација.

Член 12

Ако со договорот за основање и работење на заедничката финансиска организација се предвиди обврска за вршење на економско-финансиска ревизија, таа ревизија може да ја врши само Службата на општественото книговодство.

Член 13

Сојузниот секретаријат за финансии ќе води евиденција за одобрените договори за основање и работење на заедничките финансиски организации.

Евиденцијата од став 1 на овој член опфаќа:

1) назив и адреса на заедничката финансиска организација;

2) назив и адреси на домашните банки што донесле одлука и склучиле договор за основање и работење на заедничката финансиска организација и називи односно имиња и адреси на странските партнери;

3) цели заради кои се основа и предмет на работењето на заедничката финансиска организација;

4) износ на средства во основачкиот фонд и во другите фондови на заедничката финансиска организација;

5) основни показатели од завршната сметка на заедничката финансиска организација што ќе ги утврди сојузниот секретар за финансии;

6) престанок на работата на заедничката финансиска организација.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр 914
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**787.**

Врз основа на член 9 став 2 од Општествениот договор за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата, („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И НА РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ НАЗНАЧУВА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ВО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Основицата за усогласување на личните доходи на функционерите и на раководните работници кои во сојузните органи на управата, во сојузните организации и во стручните служби на Советот ги назначува Сојузниот извршен совет, се зголемува за 12% и се утврдува во износ од 4.805 динари.

2. Личните доходи, определени во согласност со основицата од точка 1 на оваа одлука, ќе се исплаќаат од 1 октомври 1979 година.

3. Право на усогласување на личните доходи од точка 1 на оваа одлука имаат и функционерите и

раководните работници на располагање што ги користат правата од работниот однос врз основа на одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 915
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

## 788.

Врз основа на член 2 од Законот за контролата на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/75 и 70/78), по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ ШТО ПОДЛЕЖАТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ ВО НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

1. На контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет подлежат следните земјоделски и прехранбени производи и нивните преработки (вонатамошниот текст: производи):

**А. Производи наменети за извоз:**

1) говеда за колење, вклучувајќи ги телињата и јунињата;

2) коњи за колење;

3) месо говедско, вклучувајќи го и телешкото и јунешкото (разладено, замрзнато);

4) конзерви од месо;

5) вино;

6) далматинска жалфија;

**Б Производи што се увезуваат:**

1) месо од добиток за колење, живина и дивеч (разладено, замрзнато);

2) дроб, масни ткива, глави и други делови од добиток за колење што се јадат, живина и дивеч (разладени, земрзнати, солени, саламурени);

3) производи од месо на добиток за колење, живина и дивеч (солени, саламурени, сушени, димени, термички обработени и сл.);

4) риби, ракови. школки и полжави;

5) производи од риби, ракови, школки и полжави (сушени, солени, димени, термички обработени и сл.);

6) млеко и производи од млеко;

7) сиришта и млекарски култури;

8) сладолед и прашок за сладолед;

9) јајца и производи од јајца;

10 јужно овошје и производи од јужно овошје;

11) континентално овошје и производи од тоа овошје;

12) лубеници и дињи и производи од тоа овошје;

13) зеленчук и производи од зеленчук;

14) печурки и производи од печурки;

15) пектински препарати;

16) кикиритки и производи од кикиритки;

17) кафе (сурово, пржено, екстракти од кафе) и сурогати на кафе;

18) чај;

19) мирудии;

20) синап (сенф);

21) натриум глутаминат;

22) кујнска сол и сол за саламурење;

23) концентрати за супа;

24) пекарски квасец, прашок за печиво и прашок за пудинг;

25) диететски производи;

26) адитиви и други додатни состојки за прехранбена индустрија;

27) жита за човечка исхрана (неизлупени и излупени);

28) мелнички производи од жито за човечка исхрана;

29) тестенини и сродни производи;

30) кекс и сродни производи;

31) масти и масла од растително потекло и нивни производи;

32) мајонез и производи слични на мајонез;

33) суровини од растително потекло за производство на масти и масла;

34) шеќер и скроб и нивни производи;

35) други сахариди и нивни производи;

36) суровини за производство на шеќер и скроб;

37) мед и производи од мед;

38) какаовец. какао—производи, чоколада и производи слични на чоколада;

39) грозје и производи од грозје;

40) вино и производи од вино;

41) енолошки средства;

42) алкохолни пијачки (природни ракии, жестоки алкохолни пијачки, ликери и други алкохолни пијачки);

43) пиво;

44) безалкохолни пијачки;

45) суровини и полупроизводи за производство на алкохолни и безалкохолни пијачки;

46) суровини и полупроизводи за производство на пиво;

47) шпиритус и суровини за производство на шпиритус;

48) оцет и оцетна киселина;

49) добиточна храна (хранива, претсмеси, крмни смеси) и додатоци на добиточна храна;

50) тутун во лист и режан тутун.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определувањe на земјоделските производи и на нивните преработки што подлежат на контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 37/75 и 34/76).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 917
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

## 789.

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75 и 28/78), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ КОИ ВО НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ МОЖАТ ДА ВРШАТ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

1. Контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет можат да вршат овластени организации на здружен труд за следните земјоделски и прехранбени производи и нивните преработки, наменети за извоз:

1) говеда за колење, вклучувајќи ги и телињата и јунињата;
2) коњи за колење;
3) месо говедско, вклучувајќи го и телешкото и јунешкото (разладено, замрзнато);
4) конзерви од месо;
5) вино.

2. Контрола на квалитетот на производите што се увезуваат, наведени во точка 1 под Б на Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки што подлежат на контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/79) можат да вршат овластени организации на здружен труд.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки за кои во надворешнотрговскиот промет контрола на квалитетот можат да вршат организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/75 и 56/75).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 916
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

## 790.

Врз основа на чл. 11 и 23 од Законот за национализација на приватните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр 98/46 и 35/48) и член 11 став 3 од Уредбата за постапката за процена на вредноста и утврдувањето на надоместот за национализираниот имот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 98/47), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА АКОНТАЦИЈА НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА НАЦИОНАЛИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Во Одлуката за исплата на аконтација на поранешните сопственици на национализирани претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/71) во точка 1 став 1 зборовите: „до 300" се заменуваат со зборовите: „до 1.000".

Во став 2 зборовите: „до 500" се заменуваат со зборовите: „до 2.000".

2. Оваа одлука ќе се применува почнувајќи од 1 јануари 1980 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 918
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

## 791.

Врз основа на член 17 и член 66 став 1 точка 14 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76) и точка 15 од Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/79), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/77, 48/78, 14/79, 29/79, 36/79 и 48/79) во точка 2 став 1 во одредбата под 1 ставот 2 се брише.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок, во пресметката на задолжителната резерва по состојбата на средствата на 31 август, 30 септември и 31 октомври 1979 година банките, на средствата од одредбата под 1 став 1 на оваа точка, ќе ја применат стапката од 19,6%."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 39
29 октомври 1979 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**д-р Ксенте Богоев**, с. р.

**792.**

Врз основа на член 244 од Уставот на СФРЈ, Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија, Социјалистичка Република Хрватска, Социјалистичка Република Црна Гора, Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово склучуваат

## ДОГОВОР

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ТАКСИ ВО СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ

Член 1

Републиките и автономните покраини се согласни Договорот за намалување на судските такси во стопанските спорови („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/76), да престане да важи.

Член 2

Овој договор е потпишан во девет идентични примероци кои се сметаат како автентични текстови.

Член 3

Овој договор влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

29 август 1979 година
Белград

За СР Босна и Херцеговина,
д-р **Обрад Пиљак**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За СР Црна Гора,
**Велимир Шљиванчанин**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За СР Хрватска,
**Емилио Влачиќ**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За СР Македонија,
**Ристо Филиповски**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За СР Словенија,
**Милица Озбич**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За СР Србија,
**Борислав Атанацковиќ**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за финансии

За САП Косово,
**Џемшит Дуриќи**, с. р.
член на Извршниот совет и покраински секретар за финансии

За САП Војводина,
**Исидор Секицки**, с. р.
член на Извршниот совет и покраински секретар за финансии

# УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПЕРУ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПЕРУ

I

Се отповикува

Лука Солдиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Перу.

II

Се назначува

Кузман Димчевски, началник на Управа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Перу.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 22
8 октомври 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на точка 11 од Одлуката за организацијата и работата на Кабинетот на Претседателот на Републиката, Претседателот на Републиката донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЛИЧЕН СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

За личен секретар на Претседателот на Републиката, во ранг на советник на сојузен секретар, се назначува Миливој Писар.

Бр. 3
14 август 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Врз основа на точка 11 од Одлуката за организацијата и работата на Кабинетот на Претседателот на Републиката, Претседателот на Републиката донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЛИЧЕН СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

За личен секретар на Претседателот на Републиката во ранг на советник на сојузен секретар, се назначува Тодор Мирковиќ.

Бр. 4
14 август 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

Врз основа на член 245 став 5 и член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР ВО СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста потсекретар во Сојузниот извршен совет Сава Надрљански и се назначува за директор во Сојузниот завод за општествено планирање.

Е. п. бр. 919
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста советник на Сојузниот секретар за надворешни работи Џавид Емини, заради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 920
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 167 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА АМБАСАДОР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Драго Новак, амбасадор во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, се разрешува од должноста и му престанува работниот однос на 31 декември 1979 година, бидејќи ги исполнува условите од член 390 на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

Е. п. бр. 924
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија се назначува Ѓуро Подунавац, досегашен помошник-претседател на тој комитет.

Е. п. бр. 923
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија се назначува Алексан-

-дар Илиќ, досегашен помошник-претседател на тој комитет.

Е. п. бр. 922
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за земјоделство се назначува д-р Живорад Теофиловиќ, досегашен помошник-претседател на тој комитет.

Е. п. бр. 921
25 октомври 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Хрватска

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Белоша Фабијана Иван, Градишар Ладислава Јосип, Крстуловиќ Крсте Аурел, Лазарац Гавре Стево, Лолиќ Саве Филип, Павковиќ Марина Иван, Пољаниќ Иве Никша, Шашкор Анте Мате, Шарбела Фрање Јосип, Зубчиќ Јанка Марко, Жуљ Мате Мато;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Белиќ Шиме Шиме, Богојевиќ Саве Крста, Божиќ Крсте Иван, Брајковиќ Пашка Анте, Дукиќ Ѓуре Мирко, Јанковиќ Велише Ристо, Калаџија Петра Спасоје, Канција Јуре Филип, Кларица Крижана Томо, Клариќ Андрије Јосип, Кнежевиќ Стеве Душан, Ледерер-Самек Рудолфа Мира, Матишиќ-Вуковиќ Антуна Марија, Милаковиќ-Петковиќ Ненада Десанка, Милинковиќ Косте Милева, Петровиќ-Гвозденовиќ Ѓоке Давинка, Поповиќ Петра Перо, Станиќ Шиме Милан, Стреља-Паша Михе Марица, Шалина Ивана Баре, Шоупал Марије Фрањо, Увановиќ Мартина Јуре, Зинаја Стојана Петар;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Богојевиќ Саве Крста, Милаковиќ-Петковиќ Ненада Десанка, Милинковиќ Косте Милева, Петровиќ-Гвозденовиќ Ѓоке Давинка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Батуриќ Драгутина Петар, Бецк Хуго Мирослав, Бенкус Стјепана Фрањо, Билиќ Николе Вјекослав, Бондулиќ Јакова Анте, Црнобрња Илије Никола, Чизмиќ Вицка др Маринко, Драгиќ Стјепана Здравко, Филиповиќ Љубоје Младен, Георгиќ Антона Иван, Грчиќ Вукашин, Јариќ Милана Богдан, Јеличиќ Анте Марија, Јуршиќ Јосипа Маријан, Кабалин Антуна Давид, Кланац Марка Шиме, Колетиќ Стјепана Стјепан, Колунџиќ Стевана Никола, Кошак Рудолфа Живко, Ковачиќ Фрање Лудвик, Крпан Ивана Мирко, Купец Ивана Славко, Куртин Мате Велимир, Леаковиќ Ивана Стјепан, Ледиќ Јосипа Иво, Лончариќ Матије Матија, Манхалтер Хинка Теодор, Маргетиќ Фрање Драго, Мартинек Томе Јосип, Миличиќ Пава Вицко, Миодраг-Корљан Николе Петронила, Млинариќ-Штањглин Мартина Милица, Палаш Антуна Иво, Павиќ Шиме Петар, Педишиќ Томин Томо, Перишкиќ Маријана Никола, Пероковиќ Ивана Анте, Перовиќ Крсте Славко, Петковиќ Дане др Томислав, Петретиќ Антона Јосип, Петровиќ Антуна Иван, Пошчиќ Винка Цветко, Пукшиќ Мије Мијо, Пупиќ Миле Стево, Rissi Марије Владимир, Рожиќ Ивана Блаж, Скрепек Франа Алоис, Сладин Ивана Драго, Стипичевиќ Гаспара Крсто, Судиња Касијана Марко, Шариќ Смаила Есад, Шверко Михе Стјепан, Трстењак Доминика Фрањо, Турнер Вјекослава др Виктор, Ухода Петра Анте, Ујевиќ Анте Здравко, Weisz-Малечек Ѓуре Renee, Врачар Симе Душан, Жагар Матије Матија;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Алавања Андрије Љубомир, Бариќ Матије Фрањо, Бјеловучиќ Балда Живан, Божиќ Андреја Иван,

